# Субјективно и објективно преиначување на тужба

Член 180

Член 181

Член 182

Член 186 од Законот за парничната постапка

# До која фаза од постапката може да се изврши објективно преиначување на тужбата

1. До првото рочиште за главна расправа

- во редовната парнична постапка тоа значи дека тужителот има поголема можност за преиначување
- во спор од мала вредност веднаш на првото рочиште за главна расправа

# Што е нужно за преиначување

1. Согласност од тужениот доколку ја примил тужбата( член 180 став 2 од ЗПП).

2. Судот може да дозволи преиначување и покрај противењето ако смета дека тоа би било целесообразно за конечно решавање на односите помеѓу странките(член 180 ств 2 од ЗПП).

# Како постапува судот доколку не е стварно надлежен за постапување по преиначената тужба?

- Ја отстапува тужбата на стварно надлежниот суд кој, ако тужениот се противи на преиначувањето ќе реши дали е дозволено преиначувањето.(член 180 став 4 од ЗПП).
- На ист начин се постапува и кога по преиначената тужба треба да суди истиот суд во друг состав( член 180 став 5 од ЗПП)(решението ќе го донесе советот) .

# Како се постапува кога ќе се дозволи преиначување на тужбата?

1.На барање на тужениот судот е должен да му .остави време да се подготови по преиначената тужба, но не подолго од 15 дена.

2.Ако тужениот не е присутен на рочиштето на кое тужителот ја преиначил тужбата, судот ќе го одложи рочиштето и ќе достави препис од записникот до тужениот

# Кога се смета дека тужениот дал согласност

*Ако се впуштил во расправање на главната работа по преиначената тужба, а притоа не се противел на преиначувањето(член 180ства 3 од ЗПП).

*Кога е тој момент? (член 282 став 5 од ЗПП)

Се додека тужениот не заврши со излагањето по одговорот на тужбата на првото рочиште за главна расправа.

# Што е преиначување на тужба?

1.Промена на идентичноста на барањето, зголемување на постојното или истакнување на друго барање покрај постојното.

2.Ако тужителот ја преиначува тужбата така што, поради околностите што настанале по поднесување на тужбата, бара од истиот фактички однос друг предмет или паричен износ, тужениот неможе да се противи на таквото преиначување ( член 181 ств 1 и 2 од ЗПП).

Тужбата не е преиначена ако тужителот го променил правниот основ на тужбеното барање, ако го намалил тужбеното барање, или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи, така што поради тоа тужбеното барање не е променето.

Што ако тужителот бара утврдување на правото на сопственост но го променил правниот основ?

# Постапување во случај на проширување на тужбата со истакнување на евентуално тужбено барање?

1. Не се чека правосилност на одлуката за да се расправа по наредното тужбено барање, односно судот одлучува со една одлука по сите барање.

2. Тоа значи дека ако го усвои претходното тужбено барање, не може да одлучува за наредното. Од овие причини во пракса како прво барање се истакнува она за кое постои поголема доза на сигурност дека судот ќе го усвои.

1. Кај евентуалната кумулација на тужбени барања тужителот го одредува редоследот према кој судот ќе одлучува за тужбените барања, па сооглед на тоа кога судот и делумно ќе го усвои едното тужбено барање нема обврска да одлучува за останатите.

2. Врховен суд на Република Хрватска Рев 103/2002-2 од 27.11.2004 година

# Пример за супсидиерно-евентуално барање

1.Се бара ништовност на договор за дар поради поради непостоење на деловна способност на дародавачот.

2.Супсидиерно,  утврдување на нужен дел.

# Член 181 став 1 од ЗПП

1. Истакнување на друго барање покрај постојното. (особено доколку се јави како спорно постоењето или непостоењето на некој правен однос)

2. Судот може да го дозволи ваквото преиначување на тужбата со кое доаѓа до кумулација на тужбени барања и покрај противењето на тужениот ако смета дека тоа би било целесообразно за конечно решавање на односите меѓу странките.

# Субјективно преиначување на тужбата

1.До залучување на гл. Расправа тужителот може да ја преиначи тужбата така што наместо првобитно тужениот ќе тужи друго лице.

-поребна е согласност од лицето кое треба да стапи во парницата во секој случај(без оглед дали се работи за единствено сипраничарство).

-согласност од тужениот ако се впуштил во расправање за главната работа.

# Супсидиерно сопарничарство

Член 187 став 1 од ЗПП

1.Тужбата се поднесува спрема двајца или повеќе тужени, така што се бара да биде усвоено спрема следниот за случај да е правосилно одбиено према оној што е наведен во тужбата пред него.

-Тужителот може да ја преиначи тужбата и на овој начин

- супсидиерно(евентуално)сопарничарство.*

# Субјективно преиначување со супсидиерното сопарничарство?

1.Барањата кои се истакнуваат спрема сите тужени можат да бидат исти по содржина, но немора да потекнуваат од ист основ.

2.Пример-од иста сообраќајна незгода во која учествувале повеќе лица, некој е виновен затоа што неговото животно истрчало на патот, друг затоа што го управувал возилото со брзина поголема од дозволената.

# Член 187 став 2 од ЗПП

На начин како во ставот 1 од член 187 тужителот може да го постави тужбеното барање(да го преиначи), само ако спрема секој од нив истакнува исто барање или ако спрема одделни од нив истакнува различни барања што се во меѓусебна врска и ако истиот суд е стварно и месно надлежен за секое барање.

# Различни барања кои се во меѓусебна врска

1.Спор во врска со член 147 од ЗСДСП (стекнување сопственост од несопственик).

2.Сопственикот го тужи лицето кај кое се наоѓа предметот, за враќање на истиот.

3.Го тужи како супсидиерен тужен лицето од кое првотужениот го купил предметот, за надомест на штета, доколку правосилно биде одбиено барањето према прво тужениот.

# Судска пракса во врска со член 187 од ЗПП

1.Ако судот истовремено одлучи за барањето спрема двата тужени, спрема првиот го одбие, а го усвои спрема вториот, таквата пресуда по повод жалбата на вториот тужен ќе се смета за целина.

2.Првостепениот суд прави суштествена повреда на одредбите од ЗПП, кога со иста пресуда мериторно одлучувал спрема двајцата тужени, без да сочека правосилност на пресудата спрема првотужениот (коментар)

# Кога не постои кумулација на тужбени барања

1.Ако тужителот према ист тужен истакне едно тужбено барања со алтернативни обврски т.е. обврската има два или повеќе предмети, но тужениот е должен да даде само еден за да се ослободи од обврската.

2.Facultas alternativa-Ако тужителот изјави дека е вољен да прими друга чинидба наместо наведената.

..

# Тужбено барање со алтернативни обврски

- Член 391-396 од ЗОО
- ЗПП не познава истакнување на повеќе тужбени барања кои се во алтернативен однос, а тужениот да се обврзе од две или повеќе алтернативно одредени чинидби да изврши една.
- Апелационен суд Белград Гж. 7041/12 од 08.05.2014 година.

# Fakultas alternativa

- Доколку се работи за fakultas alternativa судот не смее да се впушти во испитување на вредноста на предметот наместо чие враќање се побарува паричен износ. Паричниот износ неможе да биде ниту предмет на присилно извршување.

- Решение Рев2. бр. 550/2015 од 14.02.2017 година.

# На што треба да се внимава

1. На определување на вредноста на спорот.
2. Вредноста ќе се определи според збирот на вредноста на сите главни барања, ако се засноваат на иста фактичка и правна основа.
3. Тоа значи ако се побарува материјална штета 300.000,00 денари и нематеријална 1.200.000,00 денари вредноста на спорот е 1.500.000,00 денари.

# Ако барањата во тужбата произлегуваат од разни основи или се истакната против повеќе тужени

1.Вредноста се определува според вредноста на секое одделно барање.

2.За секој тужен како таксена основица се зема вредноста на секое одделно барање(чл. 20 став 2 од ЗСТ)

1.Ќе мора после секој основ да се наведе вредноста на спорот.

2.Зошто е тоа важно?

3.Затоа што тоа влијае на утврдување на составот на судот, правото на изјавување на ревизија.

4.При евентуална кумулација на тужбените барања за допуштеност на ревизијата меродавна е вредноста на секое одделно барање или на првото барање?

# Што значи тоа?

1.Не постојат правила за утврдување на вредноста кај евентуалните тужбени барања.

2.Што ако првото поставено барање е непарично, а евентуалното е парично.

3.Кои прашања се отвараат во овој случај?

1.Дали судот треба да ја утврди вредноста на спорот?

2.Зошто е значајно да се утврди вредноста на спорот?

- Решение Рев 2.бр.579/2017 од 19.04.2018 година на Врховниот суд на Р. Македонија.
- Кога барањата на тужителот се засноваат на иста фактичка и правна основа , вредноста на се определува според збирот на сите барања.( одлуката се однесува за евентуални барања).

# Што значи ова?

Судот се повикал на член 30 од ЗПП.

Членот 30 пропишува како се утврдува вредноста на спорот кај кумулацијата на тужбените барања, а не кај евентуалните тужбени барања кои не се кумулација на тужбени барања.

# Одлуки на Врховниот суд на Р. Хрватска

- Рев.961/95 од 04.02.1999 год. и Рев 1093/2007 од 14.05.2008 год.
- При евентуална кумулација на тужбени барања, за допуштеност на ревизија меродавна е вредноста на секое поединечно барање.

# Како да се избегнат ваквите дилеми

Со правилно утврдена вредност на спорот.

Странките треба да реагираат на вредноста на спорот.

# Како влијае на трошоците усвојувањето на евентуалното тужбено барање

1.Се смета дека странката целосно успеала во спорот доколку биде усвоено едно од евентуално поставените тужбени барања.

2.Трошоците треба да се пресметаат согласно вредноста на барањето кое е усвоено?

# Кога може да дојде до раздвојување на постапката

1.Ако биле истакнати повеќе тужбени барања против повеќе тужени, а очигледно е дека заедничкото одлучување ќе ја одолговлечи постапката.

2.Неможе да се бара раздвојување на тужбените барања-може да се бара донесување на делумна пресуда.

# Прашања и дискусија!

Благодарам за вниманието!